РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-197/2-3
01. 10. 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09 и 115/10 и 17/11 и 51/11), Одборот за акредитација и евалуација на 12. седница одржана на 12.09.2012 година, донесе

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar Примено Received | 08.10.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. Орг. Един. Org. unit | Numër Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 874/10 | / | / |

# РЕШЕНИЕ

## со кое се акредитира студиската програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Бизнис администрација на Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово

1. Се акредитира студиска програма од третиот циклус на докторски студии по **Бизнис администрација на Факултетот за бизнис и економија на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за третиот циклус студии по **Бизнис администрација,** во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на третиот циклус, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со научниот назив : **Доктор по економски науки, во насока „Бизнис администрација",** научно-истражувачко подрачје: Општествени науки, научно истражувачко поле: Економски науки.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на трет циклус на студии и Одлуката за усвојување на студиските програми за Бизнис администрација од Сенатот на унивезитетот на Југоисточна Европа во Тетово, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.12-184/1 од 29.05.2012 година до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од третиот циклус студии, студиска програма по Бизнис администрација.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 10. седница одржана на 30.05.2012 година формира експертска комисија и на 12. седница одржана на 12.09.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски

**СПИСОК НА МЕНТОРИ**
**ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ**

Со прегледот на доставените информации за потенцијалните ментори на докторски трудови на студиската програма по **Бизнис администрација на Факултетот за бизнис и економија** при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, согласно Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010),Уредбата за изменување и дополнување на уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.168/2010), и Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009, бр.83/2009, бр.99/2009. Бр.115/2010 и бр.17/2011, комисијата констатира исполнување на критериумите на следните наставници:

1. Проф. д-р Абдулменаф Беџети
2. Проф. д-р Изет Зеќири
3. Проф. д-р Мирољуб Шукаров
4. Проф. д-р Неџби Вејсели

Скопје , Август 2012

**Претседател на Одборот**
**за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**

Република Македонија Одбор за акредитација и евалуација на високото образование Скопје